# П Л А Н
**ЗА 2017 ГОДИНА**

( ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ )
**На ЈКП " ВОДОВОД " – Битола**

**Битола, декември** 2016

# ВОВЕД

ЈКП Водовод својата програма ја заснива врз следните параметри:

- Аналитички приод на остварените резултати од претходните години, како и деветмесечниот период од тековната година.
- Примена на економските принципи на работењето како економичност, продуктивност и рентабилност

I **Вкупниот приход** да се реализира во висина од **235.805.848,00** денери, што е за 1% повеќе во однос на предвиденото за 2016 година.

Формирањето на вкупниот приход се планира да биде според следната структура:

**1.** Од **Приходи од продажба на производи и услуги** да се реализираат средства во висина од **200.702.000,00** денари, со учество од 86% во вкупните приходи, од тоа:

**а)** Од **реализација на вода** се очекува реализирање на **190,742.000,00** денари што е за 2% повеќе во однос на реализацијата за 2015 година.
Предвидената реализација треба да се оствари под слените услови:

- Да се реализираат **6.310.000 м$^3$** вода, според следната структура:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Домаќинства | **4.600.000** м$^3$ или | **73%** |
| 2. Правни лица | 1**.710.000** м$^3$ или | **27%** |

Истата е формирана по цени согласно Решението за давање на согласност на Одлуката од управниот одбор на ЈКП Водовод Битола бр. 02-693/2 од 17.08.2010 со примена од 01.09.2010 и тоа:

| | цена |
|---|---|
| 1. За домаќинствата | 24.25 ден/м$^3$ |
| 2. За правни лица | 45.00 ден/м$^3$ |

**б)** Од реализација на услуги кон општина Битола во согласност со планот и програмата за работа, реализација на услуги кон трети лица и приклучоци преку одделението за водоводна мрежа и приклучоци, одделението водоводна работилница и друго во висина од 7,000,000,00 денари.

2. **Приходи од основ на употреба на сопствено производство (приходи од сопствено учество)** се очекува да се реализираат 7,500,000 денари што е за 296% повеќе во однос на реализираното за 2015 година.

**3. Од Останати деловни приходи** треба да се реализираат 17.650.000,00 денари што е зголемување за 7% во однос на предвиденото за 2016 година.

**Вкупно фактурирана реализација** се планира да изнесува **200,702,000** денари што е за 1% повеќе во однос на предвидувањатао за 2016 година.

**4. Приходите од извршени услуги од поврзани субјекти**, односно реализација на електроенергија од ХЕП „Водовод“ се планира да изнесува 9,954,000 денари.

**II Вкупните расходи** според планот треба да изнесуваат **232.721,848,00** денари или 2% повеќе во однос на предвидувањата за 2016 година. Според структурата се очекува следното движење на трошоците:

а) **Материјалните трошоци со амортизацијата** се предвидува да изнесуваат **92.782.000,00** денари, со учество од 40% во вкупно деловните расходи, според следната структура:

- **Материјалните трошоци** да изнесуваат **61.782.000,00** денари.
- **Амортизацијата** да изнесува **31.000.000,00** денари.

б) **Нематеријалните трошоци** да изнесуваат **39.930.000,00** денари со учество од 17% во вкупно деловните расходи.

в) **Бруто платите** да изнесуваат **100,009,848** денари или за 1% повеке во однос на реализираното за 2015 година.

**III Планираната бруто добивка** се очекува да изнесува **3,084,000** денари

**IV Данокот на добивка** да изнесува **1,500,000** денари

**V Нето добивката** да изнесува **1,584,000** денари

# П Л А Н

## НА ФАКТУРИРАНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО СЕКТОРИ ЗА 2017

| ред.бр | **Категорија на потрошувачи** | Остварено 2015 | остварено 1-9 2016 | предвидено 2016 | ПЛАН 2017 | Инд. 5/3 | Инд. 6/5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | илјади денари | илјади денари | илјади денари | илјади денари | % | % |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | **Сектор за Водоснабдителни инсталации** | **201,354** | **142,330** | **197,442** | **199,342** | **98** | **101** |
| * | Реализација од вода | 186,568 | 140,135 | 190,542 | 190,742 | 102 | 100 |
| * | Одделение за Водоводна мрежа и приклучоци | 13,769 | 1,541 | 5,300 | 7,000 | 38 | 132 |
| * | Одделение Водомерна работилница | 1,017 | 654 | 1,600 | 1,600 | 157 | 100 |
| 2 | **Сектор за финасии сметководство и комерција** | **1,181** | **957** | **1,276** | **1,300** | **108** | **102** |
| * | Одделение за сметководство | 1,181 | 957 | 1,276 | 1,300 | 108 | 102 |
| 3 | **Сектор за технички работи и развој** | **15** | | **60** | **60** | **400** | **100** |
| * | Одделение Возен парк | 15 | | 60 | 60 | 400 | 100 |
| 4 | **Вкупно 1+2+3** | **202,550** | **143,287** | **198,778** | **200,702** | **98** | **101** |

Од прикажаниот приказ на планираната фактурирана реализација по сектори може да се согледа следната распределба;

**1. Сектор за Водоснабдителни инсталации** учествува со 99,32% во вкупната фактурирана реализација.

- Реализацијата од вода учествува со 95,04% во вкупната реализација
- Одделение за Водоводна мрежа и приклучоци учествува со 3,49%
- Одделение Водомерна работилница со 0,80%

**2. Сектор за финасии сметководство и комерција** учествува со 0,65%

**3. Сектор за технички работи и развој** учествува со 0,030%

# П Л А Н

## НА ДЕЛОВНИ ПРИХОДИ ЗА 2017

| Конто | ВИД ПРИХОД | Остварено 2015 | Остварено 01-09 2016 | Предвидено 2016 | ПЛАН 2017 | Инд. 5/3 | Инд. 6/5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во денари | во денари | во денари | во денари | % | % |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 730 | ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ НА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ | 9,953,848 | 7,465,386 | 9,953,848 | 9,953,848 | 100 | 100 |
| 740 | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | 202,565,780 | 143,287,318 | 198,778,000 | 200,702,000 | 98 | 101 |
| 745 | ПРИХОДИ ОД ОСНОВ НА УПОТРЕБА НА СОП. ПРОИЗВОДСТВО | 1,892,679 | 2,351,267 | 7,500,000 | 7,500,000 | 396 | 100 |
| 764 | ДРУГИ ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ | 249,774 | 21 | 200,000 | 500,000 | 80 | 250 |
| 765 | ПРИХОДИ ОД НАПЛАТЕНИ ОТПИШАНИ ПОБАРУВАЊА | 2,174,259 | 3,364,393 | 4,485,857 | 4,300,000 | 206 | 96 |
| 767 | ПРИХОДИ ОД ПРЕМИИ СУБВЕНЦИИ | 2,468,587 | | 2,500,000 | 2,500,000 | 101 | 100 |
| 769 | ОСТАНАТИ ПРИХОДИ ОД (АДВОК. СУДСКИ, ИЗВРШНИ, МАНИПУЛАТИВНИ, ШТЕТИ) | 11,680,283 | 7,184,485 | 8,363,283 | 9,500,000 | 72 | 114 |
| 774 | ПРИХОДИ ОД КАМАТИ | 944,414 | 475,375 | 850,000 | 850,000 | 90 | 100 |
| | **Вкупно 1+2+3+4** | **231,929,624** | **164,128,245** | **232,630,988** | **235,805,848** | **100** | **101** |

Од горе прикажаниот приказ на **деловни приходи** може да се согледа:

- **ПРИХОДИТЕ ОД ПРОДАЖБА** учествуваат со 86% од вкупните приходи.
- **ПРИХОДИТЕ ОД УСЛУГИ НА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ** учествуваат со 4,19% во вкупните приходи.
- **ПРИХОДИТЕ ОД ОСНОВ НА УПОТРЕБА НА СОП. ПРОИЗВОДСТВО** учествуваат со 1,68%.
- **ДРУГИ ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ** учествуваат со 0,84%
- **ПРИХОДИТЕ ОД НАПЛАТЕНИ ОТПИШАНИ ПОБАРУВАЊА** учествуваат со **0,84 %.**
- **ПРИХОДИТЕ ОД ПРЕМИИ СУБВЕНЦИИ** учествуваат со **0,84 %.**
- **ОСТАНАТИТЕ ПРИХОДИ ОД (АДВОК. СУДСКИ, ИЗВРШНИ, МАНИПУЛАТИВНИ, ШТЕТИ)** учествуваат со **4,83 %.**
- **ПРИХОДИТЕ ОД КАМАТИ** учествуваат со **0,42 %** во вкупните приходи.

# П Л А Н

## На физичкиот обем на реализација од вода за 2017 година

| ред.бр | Категорија на потрошувачи | Остварено 2015 | Остварено 1-9 2016 | предвидено 2016 | ПЛАН 2017 | Инд. 6/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во м3 | во м3 | во м3 | во м3 | % | % |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Домаќинства | 4,584,213 | 3,385,246 | 4,600,000 | 4,600,000 | 100 | 100 |
| 2 | Правни лица | 1,711,904 | 1,302,627 | 1,700,000 | 1,710,000 | 99 | 100 |
| | **Вкупно** | **6,296,117** | **4,687,873** | **6,300,000** | **6,310,000** | **100** | **100** |

*Графички приказ на физичкиот обем на реализација од вода во м3 за 2017 година*




Од прикажаниот преглед за физичкиот обем на реализацијата на вода, може да се согледа дека најголемо учество во истиот, има реализацијата од домаќинствата со **73%,** додека правните лица учествуваат со **27%.**

# П Л А Н
## На реализација на вода во финасови показатели за 2017 година

| ред.бр | Категорија на потрошувачи | Остварено 2015 | Остварено 1-9 2016. | предвидено 2016 | ПЛАН 2017 | Инд. 5/3 | Инд. 6/5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | илјади денари | илјади денари | илјади денари | илјади денари | % | % |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Домаќинства | 110,867 | 82,516 | 111,792 | 111,792 | 101 | 100 |
| 2 | Правни лица | 75,701 | 57,619 | 78,750 | 78,950 | 104 | 100 |
| | **Вкупно** | **186,568** | **140,135** | **190,542** | **190,742** | **102** | 100 |

***Графички приказ на реализација на планот за вода во финасови показатели за 2017 година***




| ред.бр | Категорија на потрошувачи | м3 | Учество во % | цена | износ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Домаќинства | 4,600,000 | 59 | 24,25 | 111,792,000 |
| 2 | Правни лица | 1,710,000 | 41 | 45,00 | 77,950,000 |
| | **Вкупно** | **6,310,000** | 100 | | **190,742,000** |

Во финасови показатели, фактурираната реализација се очекува да биди според следната структура:

Домаќинства **59%**
Правни лица **41%**

# П Л А Н
## на деловните расходи за 2017

| Конто | Назив | Остварено 2015 | Остварено 01-09 2016 | Предвидено 2016 | ПЛАН 2017 | Инд 5/3 | Инд. 6/5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во денари | во денари | во денари | во денари | % | % |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 400 | ПОТРОШЕН МАТЕРЈАЛ | 28,847,684 | 18,017,689 | 24,023,585 | 25,000,000 | 83 | 104 |
| 401 | ПОТРОШЕНО ПОМОШ. КАНЦ. МАТЕРИЈАЛИ | 1,873,722 | 1,879,322 | 2,505,763 | 2,500,000 | 134 | 100 |
| 402 | ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА | 12,542,568 | 7,928,711 | 10,500,000 | 11,000,000 | 84 | 105 |
| 407 | ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ | 7,418,583 | 5,184,385 | 6,912,513 | 7,100,000 | 93 | 103 |
| 410 | ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | | 1,337 | 1,783 | 2,000 | | 112 |
| 411 | ПТТ УСЛУГИ,ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТРНЕТ | 1,241,091 | 887,983 | 1,183,977 | 1,180,000 | 95 | 100 |
| 413 | УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА | 7,005,771 | 6,726,615 | 7,968,820 | 8,000,000 | 114 | 100 |
| 414 | ЗАКУПНИНА | 940,538 | 705,896 | 941,195 | 950,000 | 100 | 101 |
| 415 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 917,241 | 555,962 | 950,000 | 950,000 | 104 | 100 |
| 417 | ТРОШОЦИ ЗА РЕКЛАМА И ПРОПАГАНДА | 1,024,284 | 933,778 | 1,400,000 | 1,450,000 | 137 | 104 |
| 419 | ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 1,860,996 | 3,217,278 | 3,650,000 | 3,650,000 | 196 | 100 |
| 422 | ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 5,278,465 | 6,954,945 | 7,500,000 | 8,000,000 | 142 | 107 |
| 440 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 361,161 | 287,484 | 383,312 | 400,000 | 106 | 104 |
| 441 | НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ВРАБОТ. ПОДАРОЦИ И ПОМОШТИ | 567,496 | 403,834 | 538,445 | 550,000 | 95 | 102 |
| 442 | ТРОШ. ЗА НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИ НА УО И НО | 680,004 | 556,668 | 774,000 | 870,000 | 114 | 112 |
| 443 | СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ | 2,381,684 | 1,919,613 | 2,300,000 | 2,300,000 | 97 | 100 |
| 444 | ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 494,682 | 438,240 | 584,320 | 600,000 | 118 | 103 |
| 445 | ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 6,776,938 | 4,791,159 | 6,388,212 | 6,700,000 | 94 | 105 |
| 446 | БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 396,377 | 261,881 | 349,175 | 380,000 | 88 | 109 |
| 447 | ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ,ЧЛАНАРИНИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 756,554 | 436,712 | 582,283 | 650,000 | 77 | 112 |
| 449 | ОСТАНАТИ НЕМАТЕРЈАЛНИ ТРОШОЦИ. | 1,899,355 | 1,654,562 | 2,206,083 | 2,200,000 | 116 | 100 |
| 455 | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРАУВАЊА | 11,182,425 | 385,014 | 11,385,014 | 11,500,000 | 102 | 101 |
| 460 | ЗАГУБИ | 237,487 | 400 | 400 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 464 | КУСОЦИ КАЛО, РАСТУР И КРШЕЊЕ | 20,918 | 81,502 | 81,502 | 80,000 | 390 | 98 |
| 468 | КАЗНИ, ПЕНАЛИ И ШТЕТИ | 35,772 | | | | | |
| 469 | ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 4,872,160 | 2,348,770 | 3,531,693 | 3,500,000 | 72 | 99 |
| 474 | РАСХОДИ ОД КАМАТИ | 2,394,911 | 1,021,331 | 2,200,000 | 2,200,000 | 92 | 100 |
| | **ВКУПНО материјални трошоци** | **63,672,478** | **46,038,956** | **60,037,636** | **61,782,000** | 94 | 103 |
| | **ВКУПНО нематеријални трошоци** | **38,336,389** | **21,542,115** | **38,804,438** | **39,930,000** | 101 | 103 |
| | **ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци** | **102,008,867** | **67,581,071** | **98,842,074** | **101,712,000** | 97 | 103 |
| 430 | ПРЕСМЕТАНА АМОРТИЗАЦИЈА | 30,209,914 | 23,229,595 | 30,972,793 | 31,000,000 | 103 | 100 |
| | **ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци со амортизација** | **132,218,781** | **90,810,666** | **129,814,867** | **132,712,000** | **98** | **102** |
| 420 | ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА | 98,344,792 | 73,889,427 | 99,466,489 | 100,009,848 | 101 | 101 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **230,563,573** | **164,700,093** | **229,281,356** | **232,721,848** | **99** | **102** |

Според Планот за 2017 година **вкупните расходи** се предвидени во износ од **232,721,848,00** денари што се за 2% зголемени во однос на предвиденото за 2016, кои се намалени за 1% во споредба со реализираното од 2015 година.

Структурата на планираните вкупни трошоци се одвива според следниот редослед;

- Вкупните **материјални трошоци** се планира да бидат зголемени за 3% во споредба со предвидените средства за 2016 година.

- Вкупните **нематеријални трошоци** се планира да бидат зголемени за 3% во споредба со предвидените за 2016 година.

- Пресметаната **амортизација** се планира да биде еднаква во споредба со предвиденото за 2016 годинадина.

- **Платата** и надоместоциете од плата се планира да биде поголема за 1% во споредба со предвиденото за 2016 година.

# П Л А Н

## На распределба на вкупниот приход за 2017

| ред.бр | ЕЛЕМЕНТИ | Остварено 2015 | Остварено 01-09 2016 | Предвидено 2016 | ПЛАН 2017 | Инд. 5/3 | Инд. 6/5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во илјади денари | во илјади денари | во илјади денари | во илјади денари | % | % |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | **Вкупен приход** | **231,947** | **164,128** | **232,732** | **235,806** | **100** | **101** |
| | Приходи од продажба на производи и услуги | 202,566 | 143,287 | 198,778 | 200,702 | 98 | 101 |
| | Приходи од извршени услуги од поврзани субјекти | 9,954 | 7,465 | 9,954 | 9,954 | 100 | 100 |
| | Приходи од сопствено учество | 1,893 | 2,351 | 7,500 | 7,500 | 396 | 100 |
| | Останати деловни приходи | 17,534 | 11,025 | 16,500 | 17,650 | 94 | 107 |
| 2 | **Вкупни расходи** | **230,563** | **162,090** | **230,281** | **232,722** | **100** | **101** |
| | Материјални трошоци со амортизација | 93,882 | 67,991 | 92,011 | 92,782 | 98 | 101 |
| | Нематеријални трошоци | 38,336 | 21,542 | 38,804 | 39,930 | 101 | 103 |
| | Бруто плати | 98,345 | 72,557 | 99,466 | 100,010 | 101 | 101 |
| 3 | **Бруто добивка** | **1,384** | **2,038** | **2,451** | **3,084** | **177** | **126** |
| | Данок на добивка | 266 | | 1,450 | 1,500 | | 103 |
| | Нето добивка | 1,118 | 2,038 | 1,001 | 1,584 | 90 | 158 |

# П Л А Н
## за инвестициона активност во 2017 година

**1. Изведба на нови водоводни линии и објекти и реконструкција на застарена и дотраена дистрибутивна водоводна мрежа**

- Изградба на нови водоводни линии и објекти на дотраената водоводна мрежа и реконструкција на водоводни објекти и линии во согласност со планираниот план и програма на Општина Битола (буџет на Општина Битола).
- Тековно инвестиционо одржување дотраената водоводна мрежа и реконструкција на водоводни:
  - Ул.21-ва
  - Ул.22-ра

**2. Осовременување на филтерската станица Дихово**

За осовременување и доопремување на микробиолошката лабораторија во филтерската станица Дихово и добивање брзи и валидни резултати во процесот на преработка на водата за пиење ќе се набави мембран-филтер.

Заради подобрување на процесот на филтрација како и перењето на филтерските полиња се предвидуваат низа мерки:

1. Реконструкција на хидромеханичката опрема во машинската сала на филтерницата.
2. Замена на хидрауличките вентили во филтерските полиња
3. Замена на филтерскиот материјал во полињата

Како резултат на извршените анализи во студијата за оценка на соодветноста на применетата технолошка шема и востановените работни процедури за прочистување на водата во филтерската станица „Дихово“, предложени се следните мерки:

1. Изработка на пилот постројка за ултра-филтрација
2. Изработка на пилот постројка за филтрација под притисок

**3. Обновување на возниот парк во зависност од финансиската состојба**

- Минибус
- Цистерна за вода (надградба или нова)

Реализацијата на сите горенаведени мерки ќе зависи од финансиските можности на претпријатието.

**Изготвувач** :

| | |
|---|---|
| **Одделение за финансии, план и анализа** | **JKП “ ВОДОВОД “- БИТОЛА** |
| ---------------------------------------- | ---------------------------------------------- |